## СПОМЕНИЦИ И СПОМЕН-ОБЕЛЕЖЈА



**Собрание на РМ решава за:**

- Меморијални споменици и спомен-обележја за личности од исклучително значење за земјава
- Предвидени со петгодишната програма
- Одлука се носи со Бадентеров принцип

**Општините решаваат за:**

- Спомен-обележја за личности и настани од локално значење
- Предвидени со петгодишна програма
- Примена на Бадентеров принцип

**Одобрение за градење меморијален споменик и спомен-обележје издава надлежниот орган, согласно со законот**

** Извор: Министерство за култура*

# Османи: Споменикот на Хаса е маркетинг

Општина Гостивар нема надлежност да издаде одобрение за споменици, бидејќи за тоа се потребни законски измени, тврди гостиварскиот градоначалник Руфи Османи. Иницијативата на Нова демократија за подигање споменик на Џемо Хаса, тој ја оцени како политички маркетинг.

- И препорачувам на Нова демократија преку ДУИ да иницира измени на законите во парламентот. Ако тоа им успее, јас ќе им овозможам да ја образложат иницијативата во општинскиот Совет и да го добијат потребното мнозинство. Сепак, треба да се има на ум дека за ваквите иницијативи, потребно е Бадентерово мнозинство - изјави Османи.

Тој оцени дека од економски аспект проектот „Скопје 2014" е луксуз, кој може да почека подобри времиња и додаде дека со него не се дава слика на мултикултурна средина, туку се форсираат само антички и словенски корени.